Врз основа на член член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на записник од одржано собрание

Член 1

Се усвојува записникот од одржаното последно годишно собрание со број ОДУ бр.283/2023 од 19.06.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

_________________________

Врз основа на член 383 став 1 точка 9, член 510 и 511 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ПРЕОБРАЗБА
на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица со седиште на ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица со ЕМБС 4045637 во Друштво со ограничена одговорност, кое што продолжува да работи како правно лице во форма на Друштво со ограничена одговорност, на начин и услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

Член 2

По извршената преобразба Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица, продолжува да работи со истото седиште на ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица со ЕМБС 4045637.

Член 3

Фирмата на Друштвото коешто се преобразува гласи: Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица.
Фирмата на Друштвото во коешто се преобразува ќе гласи: Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица.

Член 4

Акционерите кои ќе се согласат да учествуваат како содружници во преобразеното друштво ќе бидат дефинирани по дадените изјави на акционерите за превземање на удел согласно член 513 од ЗТД.

Член 5

Преобразбата на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица се врши со оваа Одлука и Договор на друштво со ограничена одговорност - Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица кој ќе биде склучен од содружниците кои ќе дадат изјави за превземање на удел согласно член 513 од ЗТД.

Член 6

Изјавите за преземање удел и за прифаќање на Договорот за друштвото со ограничена одговорност - Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица дадени од акционерите на Записникот од Собранието заверен од Нотар, се составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Со Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица, ќе управува управител како лице овластено за застапување и орган на управување според Договорот на Друштвото.

Управителот се именува со Договорот за Друштвото - Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица.

Составот и организацијата на органот на управување и надзор над работењето на Друштвото подетално ќе биде уреден со Договорот за друштвото.

Член 8

Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Друштвото од 01.01.2024 до денот на донесување на Одлуката за преобразба 10.01.2024, заедно со Извештајот на овластениот ревизор усвоени со денот на одлучувањето на преобразбата на Друштвото се составен дел во прилог на оваа Одлука.

Член 9

Се задолжува Генералниот директор на Друштвото во рок од 3 (три) дена по одржувањето на Собранието на акционерите да објави јавен повик во најмалку еден дневен весник во кој ќе ги повика акционерите кои не присуствувале на Собранието да дадат изјави дали се согласуваат да преземат удели во Друштвото што ќе настане со преобразбата.

Член 10

СЕ ЗАДОЛЖУВА Управителот на Друштвото да поднесе Пријава за упис во трговскиот регистар, преку овластен регистрационен агент - адвокат, на оваа Одлука за преобразба заедно со Договорот на Друштвото Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица и другата потребна документација.

По уписот на преобразбата во трговскиот регистар, Управителот стекнатиот удел во преобразеното Друштво и удели ги запишува во Книгата на удели на Друштвото.

Управителот во рок од 8 дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар да му даде налог на Централниот Депозитар за хартии од вредност да ја затвори акционерската книга.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

______________

Врз основа на член член 510 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИЧИНИТЕ, ПРАВНИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПРАШАЊА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПРЕОБРАЗБА
на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица

## Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за причините, правните и деловните прашања од значење за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица на начин и услови под кои е запишано во трговскиот регистар.

## Член 2

Извештајот за причините, правните и деловните прашања од значење за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица е составен дел од оваа одлука.

## Член 3

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

______________________

Акционерско друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член член 514 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за овластување на лице за спроведување на преобразба
пред Централен Регистар на РСМ

Член 1

Се овластува управителот на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица односно лицето Сашко Кузманов, ул. Крушевска Република бр.104, Струмица да опономошти регистрационен агент кој ќе ја спроведе постапката за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица пред Централен регистар на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

С.К.

_______________

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за престанок на важноста на статутот на
Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Член 1

Согласно донесена одлука за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица, престанува да важи статутот на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

_____________________

Врз основа на член 383 и член 507 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за донесување и усвојување на Договор за основање на
Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица

Член 1

Согласно донесена одлука за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица, се донесува и усвојува Договор за основање на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмицаа.

Договорот за основање на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица е составен дел од оваа одлука.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

_______________________

Акционерско друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, Собранието на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе:

ОДЛУКА

за усвојување на Годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото

Член 1

Се усвојува Годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото односно до 10.01.2024 година.

Годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото односно до 10.01.2024 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

______________________

Акционерско друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва,  Собранието на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за усвојување на Извештајот од овластениот ревизор до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото

### Член 1

Се усвојува Извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото односно до 10.01.2024 година.

Ревизијата на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото ги изготви Бенд Консалтинг и ревизија - Тетово.

Извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото односно до 10.01.2024 година е составен дел на оваа Одлука.

### Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

____________________

Врз основа на член член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за разрешување на генерален директор на
Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Член 1

Поради преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во ДОО, се разрешува лицето Сашко Кузманов, ул. Крушевска Република бр.104, Струмица од функцијата Генерален директор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица.

Чл. 2

Со разрешувањето на Генералниот директор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица престануват да му важат сите права и обврски како генерален директор, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото.

Член 3

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

__________________

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за разрешување на членовите на Управен одбор на
Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Член 1

Поради преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во ДОО, од Управниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица се разрешуваат лицата:

- Димитар Поповски со адреса на живеење на ул. Ленинова бр. 70 Струмица, од функцијата член на Управен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
- Александар Поповски со адреса на живеење на ул. Ленинова бр. 70 Струмица, од функцијата член на Управен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
- Сашко Кузманов, со адреса на живеење на ул.Крушевска Република бр. 104 Струмица, од функцијата Претседател и член на Управен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Чл. 2

Со разрешувањето на членовите на Управниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица престануват да им важат сите права и обврски како членови на Управен одбор, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото.

Член 3

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

_______________

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за разрешување на членовите на Надзорен одбор на
Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Член 1

Поради преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во ДОО, од Надзорниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица се разрешуваат лицата:

- Живко Поповски, со адреса на живеење на ул.Ленинова бр. 70 Струмица, од функцијата член на Надзорен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмицана
- Милан Кузманов, со адреса на живеење на ул. Крушевска Република бр. 104 Струмица, од функцијата член на Надзорен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
- Иљо Кузманов, со адреса на живеење на ул.Крушевска Република бр. 104 Струмица, од функцијата Претседател и член на Надзорен одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица

Чл. 2

Со разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица престануват да им важат сите права и обврски како членови на Надзорен одбор, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото.

Член 3

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

___________________

Врз основа на член член 46 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за промена на  назив на установа

Член 1

Согласно Одлуката за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година и Одлуката за донесување и усвојување на Договор за основање на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година, се менува називот на установата и тоа:

- Постоечки назив: Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица
- Нов назив: Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

_______________

Акционерско Друштво Конфекција и Трикотажа ЕДИНСТВО СТРУМИЦА

Врз основа на член член 52 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за промена на скратен назив на установа

Член 1

Согласно Одлуката за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година и Одлуката за донесување и усвојување на Договор за основање на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година, се менува скратениот назив и тоа:

- Постоечки скратен назив: ЕДИНСТВО
- Нов назив: ЕДИНСТВО ДОО Струмица

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

___________________

Врз основа на член член 242 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица на седницата одржана на 10.01.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за избор на управител на
Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица

Член 1

Согласно Одлуката за преобразба на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица во Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година и Одлуката за донесување и усвојување на Договор за основање на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица ДОО Струмица донесена на 10.01.2024 година, како управител на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица ДОО Струмица се именува лицето Кузманов Сашко со адреса на живеење на ул. Крушевска Република бр. 104 Струмица.

Член 2

Управителот на Конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица ДОО Струмица, ќе го застапува друштвото во внатрешниот и надворешниот промет без ограничување.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со уписот во трговскиот регистар.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Претседавач

____________________